# ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЛИШТЕ

## за жртви на семејно насилство



Доколку си жртва на семејно насилство

# БАРАЈ ЗАШТИТА!

# ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### Што претставува советувалиштето?

Советувалиштето преставува прв специјализиран вид на советувалиште кое нуди директна психосоцијална поддршка и третман за сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го прекинат кругот на насилство и да го променат дотогашниот начин на живеење. Тоа е специјализирана форма на помош од страна на професионалци кои ја водат жртвата низ процесот зајакнувајќи ја нејзината независност во донесувањето на вистински одлуки. Советувалиштето нуди повеќе видови на помош и тоа во домените на превенција, советување и кризна или пост-трауматска интервенција.

### Како вид на психолошка помош и совети се нудат:

- примарна психолошка помош
- итна интеревенција за заштита од насилството
- психолошка помош и поддршка во услови на долготрајна изложеност на насилство и
- кризна интервенција.

### Кој може да се обрати во советувалиштето?

Корисници на психолошкото советувалиште се жените-жртви на семејно насилство, но исто така и децата како секундарни жртви на насилство. Процесот на помош и поддршка се остварува преку одржување редовни средби на индивидуално ниво или група и по нивно претходно закажување.

### Начин на работа на советувалиштето

Советувалиштето работи секој работен ден (понеделник-петок) во траење од по три часа.
Социјалниот работник го врши првичниот прием и закажувањето. По првичниот прием и закажување на средбите, жртвите на семејно насилство можат да реализираат средба со советувачот терапевт.

**Доколку си жртва на семејно насилство БАРАЈ ЗАШТИТА во:**

**Психолошко советувалиште за семејно насилство - ЕСЕ:**
**02 5297 166**

Центарот за правна помош - ЕСЕ: **02 3117 866**

Според податоците од теренското истражување „Живот во сенка", спроведено од Здружението ЕСЕ во 2007 година:
- **Секоја втора жена е жртва на психолошко насилство**
- **Секоја петта жена е жртва на физичко насилство**
- **Секоја десетта жена е жртва на сексуално насилство**

ЕСЕ

МТСП

WAVE
WOMEN AGAINST VIOLENCE EUROPE

Поддржано од:
bmask
BUNDESMINISTERIUM FÜR ARBEIT, SOZIALES UND KONSUMENTENSCHUTZ